ЈП за комунални производни и услужни работи
" ИСАР " п.о
Бр. 02-741/2
19.08 2019 год.
ШТИП

# ИЗВЕШТАЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛП ИСАР ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2019-30.06.2019

Надзорниот одбор изврши увид во извештајот кој е составен врз база на бруто балансот за овој период, и изготвен е биланс на успех, со кој се констатира следното:

## 1. ПРИХОДИ

**Приходи од продажба и услуги:**

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| **1.Приходи од продажба** | **102,690,157,00** | **105,664,273,00** |
| **2.Приходи од наемнини** | **408,355,00** | **425,275,00** |
| **Вкупно:** | **103,098,512,00** | **106,089,548,00** |

Приходите од продажбата ги опфаќа: приходите од продажба на вода, приходи од канализација, приходи од смет, приходи од договор за погреб, приходи од пазарна такса и резервации на тезги, приходи од зеленило, приходи од билети бања, приходи од ноќевања, приходи од продажба на стока и материјали и во овој период има зголемување на приходите во однос на истиот период од 2018 година за 2.9%. Приходот од наемнина бележи зголемување од 4% е резултат на тоа што е изменет начинот на закуп на пазаришни тезги. Кај приходот од вода има намалување од 6% и е резултат во најголем дел на намалената цена на вода и намалени количини на испорачана вода, кај приходите од смет се бележи зголемуцање од 4.86% и е резултат на утврдување на точна квадратура на должниците. Ставката приходи од уништување на смет има зголемување од 15%. Во однос на приходната страна најзначајно е зголемувањето на приходите во однос на 2018 година од програмата за водовод и изнесува приход од 6.195.622,00 денари или 286,21% зголемување кое пак е реултат на зголемените активности осносно инвестиции налокалната самоуправа и исполнување на планираното од страна на ЛП Исар. Приходите на билети од бања бележат намалување за 3%, тенденција на намалување во текот на сите полугодишни извештаи и е резултат на бесплатните услуги на пензионерите. Ставката ноќевање бифе има зголемување од 52.24%. Останатите приходи во оваа група се приходите поврзани со погребалните услуги.

**Останати приходи:**

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **900.929,00** | **607.819,00** |
| **2.Вонредни приходи** | **2.519.411,00** | **2.228.995,00** |
| **ВКУПНО:** | **3.419.703,00** | **2.836.814,00** |

Во вонредни приходи спаѓаат приходите од минати години, приходи од наплата на штети од осигурување, приходи од провизии, приходи од наплата на судски такси, нотарски услуги, рефундација од плата и префактурирање на електрична енергија. Од приложеното произлегува дека за овој период има намалување кај оваа група на приходи во однос на истиот период од минатата година за 12% а само кај приходот од камати намалување од 33%.

## 2. РАСХОДИ

Трошоците во билансот на успех кој е прикажан според функција на трошоци и е квалифициран на следниот начин:

**Материјални трошоци и услуги:**

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| **1.Трошоци за материјали и суровини:** | **28.678.576,00** | **30.902.019,00** |
| **2.Трошоци на услуги:** | **4.421.787,00** | **8.371.311,00** |
| **ВКУПНО:** | **33.100.363,00** | **39.273.330,00** |

Во овие трошоци влегуваат трошоците за потрошени материјали, трошоците за потрошена електрична енергија, трошоците за потрошено гориво, трошоците за резервни автоделови, отписот на ситниот инвентар, транспортните услуги, телефонските услуги, поштарина,

инвестиционо одржување, закупнини, трошоци за прекопи и ископи, регистрација на возила, здравствени услуги и друго.

За овој период а во однос на истиот период од минатата година, трошоците се зголемени за 17%. Во овој период водовод работеше на изведба на линија кон населба балканска, водоводна и канализациона линија во населбата Дузлак-Сончев град, водоводна линија на ул. Радански пат, реконструкција на водоводна линија на ул. Сутјеска и ул. Ванчо Прќе како и изведба на водоводна линија на ул. Васил Доганџиски и продолжување со активностите нза изведба на крак Балканска и населба Чардаклија. Редовно одржување на водоводната и канализационата мрежа и нови приклучоци. Во РЕ Зеленило се работеше на одржување на спортските терени и градското зеленило и булеварите, пешачка патека покрај река Брегалница и Отиње, повеќе паркови површини, чистење на шут и кастрење на вегетацијата. поставување на клупи, одржување на детските игралишта, Кај потрошените материјали се бележи зголемување од 6,9% кај потрошеното гориво зголемување од 23,8% потрошена електрична енергија зголемување од 8,7%, потрошени резервни делови зголемување од 28% и потрошени авторезервни делови намалени за 41%, Трошоците во групата на услуги имаат зголемување од 189%. Во оваа група поголеми зголемувања има на трошоците за други услуги за 44% поради ангажирање на дополнителна механизација со цел навремено спроведување на работните активности, и неколкукратно зголемување на трошоците за интелектуални услуги кое е резултат на ангажирање на работници по договор.

При анализата на овие трошоци, надзорниот одбор констатира дека трошоците се зголемени и значително влијаат на конечниот финансиски резултат на Јавното претпријатие но настанатите трошоци се согласно зголемените активности на Јавното претпријатие. Надзорниот Одбор истотака смета дека во текот на работењето од страна на раководниот тим на ЈП Исар е постапувано согласно забелешките и инструкциите наведени во претходните извештаи, имајќи во предвид дека најмногу забелешки беа наведени токму во однос на оправданоста на трошоците.

**Останати оперативни трошоци:**

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| 1.Амортизација | 6.767.110,00 | 5.999.982,00 |
| 2.Набавна вредност | 39.485,00 | 59.202,00 |
| 3.Набавна вредност на канти и мат. | 70.873,00 | 230.172,00 |
| 4.Бруто плата | 57.605.488,00 | 55.030.063,00 |
| **ВКУПНО:** | **64.482.956,00** | **61.319.419,00** |

Кај оваа група на трошоци се забележува намалување во однос на претходната година за 5%. Во ставката набавна вредност на канти иматеријали се забележува мало зголемување додека амортизацијата е намалена со стапка од 2%. Вкупното намалување се должи и на намалувањето на ствката бруто плати од 4% во однос на претходната година атоа е како резултат на правилната исплата на работниците.

**Други трошоци од работењето:**

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| 1. Други трошоци | 7.967.418,00 | 6.607.838,00 |

Во овие трошоци влегуваат трошоците за службено патување, премии за осигурување, банкарски провизии, персонални даноци, трошоци за даноци без право на поврат, судски такси, репрезентации, спонзорства, камати, отпис на побарувања. Кај овие трошоци се забележува намалување од 17% во однос на претходната година. Во оваа група на трошоци важно е да се напомене дека К-15 не се исплаќа поради тоа што Јавното претпријатие нема таква обврска со што нема такви трошоци. Истото се однесува и за ставката организирана исхрана која како трошок не постои. Забележливо е намалувањето на трошоците за соопштенија за 69%. Се забележува зголемување кај ставката премии од осигурување за 223% поради порамнување со осигурителни компании.

Крајниот резултатшто се пднесува на вкупните расходи за разгледуваниот период бележи зголемување за 1,5%.

***На крајот на овој период, ЈП Исар Штип го има искажано следниот реултат:***

| | *2018* | *2019* |
|---|---|---|
| ***Вкупни приходи*** | ***106.518.852,00*** | ***108.926.362,00*** |
| ***Вкупни трошоци*** | ***105.550.737,00*** | ***107.200.587,00*** |
| ***Загуба/Добивка*** | ***968.115,00*** | ***1.725.775,00*** |

***Овој период ЈП Исар го заврши со ДОБИВКА од 1.725.775,00 ден.***

***Со оглед на горенаведеното надзорниот одбор констатира дека ЈП Исар ја задржува позитивната финансиска состојба т.е птпријатието разгледуваниот период го завршува со искаѓаната добивка од 1.725.775,00 ден.***

***Според наше мислење, изготвениот биланс на успех за периодот од 01.01.2019 до 30.06.2019 година е во согласност со важечките сметководствени стандарди и прикажаните резултати по истиот се реално искажани.***

**19.08.2019**

**Надзорен одбор:**

**Александар Кангалов**____________

**Моника Николова**____________

**Васка Ѓоргова**____________

**Игор Карагунов**____________

**Златко Протогеров**____________

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи "ИСАР" П.О. Штип